**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ**
**НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР – СКОПЈЕ**

# СООПШТЕНИЕ

**ЗА ЗАВЕРКА НА ЛЕТЕН СЕМЕСТАР 2022/23 ГОД. И ЗАПИШУВАЊЕ НА ЗИМСКИ СЕМЕСТАР ВО УЧЕБНА 2023/24 ГОДИНА**

**ЗА СТУДЕНТИТЕ ШТО ПОВТОРНО ЗАПИШУВААТ IV ГОДИНА**

Се известуваат студентите на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер – Скопје дека запишувањето на зимскиот семестар во учебната 2023/24 година ќе се врши на:

## IV година /втор или повеќе пати 29.09.2023 год.

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАВЕРКА И ЗАПИШУВАЊЕ НА СЕМЕСТАР:**

1. ИНДЕКС
2. ОБРАЗЕЦ ЗА ЗАВЕРКА НА СЕМЕСТАР
3. ОБРАЗЕЦ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА СЕМЕСТАР
4. СТАТИСТИЧКА ЛИСТА (Образец ШВ20)
5. Уплатница (Образец ПП50)

Потврда за уплатени 1.500 денари за активности и услуги на студентите (информативен пакет, испитни тетратки, потврди и уверенија, библиотечен и книжен фонд, користење интернет и компјутерска училница, солидарна одговорност за штетии други трошоци).

Уплатата се врши на **образец ПП 50** и треба да ги содржи следните податоци:

**Цел на дознака:** Активности и услуги на студентите
**Назив на примачот:** Буџет на РМ, ФДТМЕ-Скопје
**Банка на примачот:** НБРМ
**Сметка:** 100 0000000630 95
**Износ:** 1.500 ден.
**Сметка на буџетски корисник:** 1600161654 788 11
**Приходна шифра:** 723019 41

6. Уплатница (Образец ПП50)

- за уплатени средства за презапишување на неположени предмети од претходните зимски семестри во износ од:
- 205 денари за секој кредит над квотата од 30 кредити - за студенти што студираат во државна квота;
- 410 денари за секој кредит над квотата од 30 кредити - за студенти што студираат во квота со кофинансирање, вонредни студенти.

Уплатата се врши на образец ПП 50 и ги содржи следните податоци:

**Цел на дознака:** Надомест за неположени испити
**Назив на примачот:** Буџет на РМ, ФДТМЕ - Скопје
**Банка на примачот:** НБРМ
**Жиро сметка:** 100000000063095
**Износ:** (205/410 ден.) Х(бр. на кредити од презапишани предмети)
**Сметка на буџетски корисник:** 1600161654–788–11
**Приходна шифра и програма:** 723013 41

7. Потврда за уплатени 750 денари - за информативни, информатички, културни и спортски активности на студентите на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со назнака ИКСА на УКИМ-ФДТМЕ Скопје, на жиро-сметка 100000000063095, депонент - НБРМ, со сметка на буџетски корисник 1600103689 788 18, приходна шифра 723012, програма 41.

**САМО ЗА СТУДЕНТИ ШТО ПРВ ПАТ ЗАВЕРУВААТ VIII (ОСМИ) СЕМЕСТАР:**

- **СТУДЕНТИТЕ ШТО ПРВ ПАТ ЗАВЕРУВААТ VIII (ОСМИ) СЕМЕСТАР НЕ ПЛАЌААТ НАДОМЕСТ ЗА ШКОЛАРИНА;**
- **СТУДЕНТИТЕ ШТО ЌЕ ЗАВЕРУВААТ VIII (ОСМИ) СЕМЕСТАР ЗА УЧЕБНАТА 2022/23 ГОДИНА ТРЕБА ДА ПОПОЛНАТ ОБРАЗЕЦ ЗА ИЗБОР НА ТЕМА И МЕНТОР ЗА ДИПЛОМСКА РАБОТА;**
- **НАСЛОВОТ НА ТЕМАТА ТРЕБА ДА ГО ИЗБЕРАТ ОД ЛИСТАТА ЗА НАСЛОВИ ЗА УЧЕБНАТА 2022/2023 И ВО КОНСУЛТАЦИЈА СО МЕНТОРОТ ЗА СООДВЕТНАТА ТЕМА ДА ГО ПОПОЛНАТ ОБРАЗЕЦОТ ВО ТРИ ПРИМЕРОЦИ И ДА ГО ДОСТАВАТ ДО СЛУЖБАТА ЗА СТУДЕНТСКИ ПРАШАЊА.**

---

**Според ценовникот за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите на Факултетот (Одлука бр. 02-339/2-VII-3 од 11.9.2023 год.):**

- **ЗАПИШУВАЊЕТО БЕЗ КАЗНА ЌЕ СЕ ВРШИ ДО 29.09.2023 ГОДИНА. СТУДЕНТИТЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ТРЕБА ДА ГИ ДОСТАВАТ ДОКУМЕНТИТЕ ВО ПРЕДВИДЕНИТЕ ТЕРМИНИ, А ДО 29.09.2023 МОЖАТ САМО ДОПОЛНИТЕЛНО ДА ДОСТАВУВААТ ДОКУМЕНТИ ШТО НЕДОСТАСУВААТ ИЛИ СЕ НЕИСПРАВНИ.**
- **ЗАПИШУВАЊЕТО НА СЕМЕСТАРОТ ОД 02.10.2023 ДО 27.10.2023 ГОДИНА ЌЕ СЕ ВРШИ СО НАДОМЕСТ ОД 1000 ДЕНАРИ.**
- **ЗАПИШУВАЊЕТО НА СЕМЕСТАРОТ ПО 27.10.2023 ГОДИНА МОЖЕ ДА СЕ ВРШИ ВО ИСКЛУЧИТЕЛНИ СЛУЧАИ ПО ПОДНЕСЕНО И ОБРАЗЛОЖЕНО БАРАЊЕ ОД СТУДЕНТОТ СО НАДОМЕСТ ОД 2000 ДЕНАРИ.**

---

18.09.2023 г.

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР - СКОПЈЕ**